Со својот критички однос кон изворите и стручната литература S. Le Bohec дошла до нови сознанија, без да се впушта во непоткрепени оценки и мислења за прашања што на сегашново ниво на сознанија и достапност на извори не можат да бидат решени. Со тоа ова дело е незаменливо за секој кој се занимава со античката историја на Македонија.

*Наде Проева*
Филозофски факултет
Скопје, 1995

EVELYNE SCHEID-TISSINIER, *Les usages du don chez Homère*, Presses universitaires de Nancy, 1994, pp. 325, $8^0$.

Универзитетот во Нанси, Франција, веќе подолго време се јавува како издавач на сериозни научни студии поврзани со класичната филологија, класиката и антиката воопшто. Во рамките на универзитетската едиција, публицирани се, на пример, студијата на L. Bohec „Антигон Досон – крал на Македонија", „Грчкиот дијалект во Елида" на A. Thévenot, а не треба да се губат од предвид и трите трудови на реномираниот класичен филолог Cl. Brixhe, чиј наслов „Есеј за источниот грчки јазик", како и делата издадени во негова едиција – „Грчката κοινή" и „Студии за стариот Крит – историја, писма, јазици" се здобија со значително влијание во научниот свет.

Во редот на делата публицирани од оваа издавачка куќа, се јавува сега и студијата „Употребите на дарот кај Хомер" од класичниот филолог Евелин Шајд – Тисиние. Тематиката обработена во ова дело, како и пристапот кон оваа научна проблематика не се скорешни. Тие ги влечат своите корени, па и ги унифицираат изнесените ставови на неколку претходно објавени научни трудови. Пред сè тука доаѓа Marcel Mauss со неговиот „Есеј за дарувањето", а особено E. Benveniste со статијата „Дарот и размената во индоевропскиот вокабулар", објавена уште во 1951 година. Во истата година, како продолжение на статијата на Benveniste, објавена е студијата „Правото и пред-правото во античка Грција" на L. Gernet. Битно е да се нагласи дека обајцата (Benveniste и Gernet) своите истражувања и заклучоци ги сместуваат во рамките поставени во најголем дел од Marcel Mauss. Најпосле, со свој придонес кон обработката на оваа тематика се јавува и M. Finley со трудот „Одисеев свет", во кој особено прецизно ги разработува, пред сè, свадбените размени посведочени кај Хомер.

Земајќи ги, значи, како појдовна точка схемите поставени од M. Mauss во неговиот „Есеј за дарувањето", овој труд е со намера да ги обработи улогата и местото на практиката на примопредавањето и размената во светот кој ни го доловуваат Хомеровите епови. Е. Ш. – Т. евидентно ја следи антрополошката, па и социолошката перспектива од која се воделе Бенвенист, Жерне и Финли. Сепак, и самата обрнува внимание дека документите со кои располагаме не се етнографски дела, туку литературни текстови кои припаѓаат во родот на епопејата. Затоа, реал-

но најобјективниот пристап кој може да се одбере е систематското проучување првично на Хомеровиот вокабулар. Користејќи го токму овој метод, ова истражување се труди да ги изнесе на виделина специфичностите во практиката на примопредавањето кај Хомер, и со цел да оди подалеку од трудот на М. Мос, да го смести во прецизниот културен контекст – оној кој малку му претходи, или дури коегзистира со ширењето на полисното уредување во Хелада.

Од методолошки аспект, оваа студија опфаќа три покрупни целини: првата – *„Зборови и нешта“* (стр. 3–61) – во која ќе влезе анализата на вербалните и номиналните форми со кои се означува дарувањето и размената, потоа нивните објекти и вредноста. *„Хоризонтални размени“* (стр. 63–217) е наслов на втората целина во која, по поглавја, е даден осврт на трговските трансакции, свадбените размени, размените на гостопримство, репарациите и компензациите во Хомеровиот свет. Третата целина веќе најсеопфатно ја обработува зацртаната тема и во пошироки рамки ни дава пресек на Хомеровото општество од правен и социолошки аспект. Практично, целината насловена како *„Вертикални размени“* (стр. 221–289) во две поглавја ги обработува статусот, правата, бенефициите и должностите на кралот и воините.

На крајот на оваа студија е поместен интересен appendix, во кој Е. Ш. – Т. се осврнува на обичаите на тракиските кралеви, какви што ги виделе и процениле Тукидид и Ксенофонт; тема која донекаде излегува од рамките на поставеното, но мошне сликовито претставена, поучна и компаративна.

*Појдовната точка на семантичкото истражување* на авторот е претставена со глаголот δίδωμι. Од истиот индоевропски корен – **do*- доаѓаат во грчкиот номиналните форми кои му се природени на овој глагол и кои со него творат една лексичка целина – било да се работи за означување на самиот чин на дарување (δόσις, δωτίνη), објектот на овој чин (δῶρον), или самиот вршител на дејството (δοτήρ, δώτωρ). Притоа, авторот настојува да ги означи и издвои димензиите на полето на употреба на овие термини: **do*- , особено во медијалните форми, може да се јави во и.-е. јазици во три дијатези:

1. статична („примам“), индоирански претерит *adat*;

2. интерна динамична („земам“), хет. *dattari*, хом. гр. ἐπιδώμεϑα;

3. екстерна динамична („правам некој да прими / да даде, давам“), ст.-инд. претерит *adita*.

Базична синтагма во Хомеровата лексика на ова поле е δίδωμι, δῶρον, меѓутоа, кај Хомер се јавуваат бројни случаи на алтернација на почетната синтагма, било со синоними и антоними на глаголот δίδωμι, било со конкретизирани замени на именката δῶρον. Првото поглавје завршува со конкретна анализа на синонимите и антонимите на основниот глагол, употребени во Хомеровите *Илијада* и *Одисеја*. Тука доаѓаат ἔπορον, ὀπάζω, ἐγγυαλίζω, τίϑημι, ἄγω, φέρω, παρέχω итн. При поодделната анализа кај секоја од овие глаголски форми е поместена и табела на поважните случаи каде формата е употребена со соодветен објект, како и компарација со употребата на овие форми кај Хесиод, Пиндар и Ајсхил.

Од друга страна, со цел подобро да бидат сфатени механизмите по пат на кои е водена практиката на дарувањето, авторот најпрвин ги издвојува самите објекти на дарувањето, т.е. според нивната природа ги

дели на подвижни и неподвижни, на објекти кои често се предмет на размена и дарување и оние кои ретко преоѓаат од рака во рака. Κειμήλια, πρόβατα, κτήματα и *κτεαρ се само дел од објектите кои, според својата природа, најчесто се стекнати, лесно преминуваат од еден во друг посед и се срeќаваат во сите видови размени и трансакции. Ним, на пример, Е. Ш. – Т. им ги противставува οἰκία и οἶκος кои природно преминуваат исклучиво од татко на син. Значи, во поглавјето насловено како „Објекти на дарувањето и размената“, дадена е опсежна анализа на контекстот во кој овие термини се употребувале, според кои модалитети бил извршуван чинот на дарување и во какви услови овој чин се одвивал. Предмет на анализа, исто така, е и проблемот на проценување на богатствата и имотите, на круговите во кои тие се разменувале или подарувале и каква е нивната вредност за оној кој ги дава или прима, следејќи ја утврдената формула: субјект + (условно) δῶκε + dat. + acc. Во таа смисла се интересни две забелешки:

– избројливите дарови се јавуваат речиси секогаш во размер кој се повторува и кој е речиси нормативно утврден: 4, 9, 20, 100...

– во едно општество од предмонетарен тип, какво што е хомерското, цената, договорена од единките, која му се припишува на еден предмет, не се ограничува само и единствено на неговата економска вредност, туку глобално соодветствува со една поинаква вредност – константно присутна, која Л. Жерне ја нарекува *митска*. Имено, статусот на единката е фиксиран како од зборовите и постапките, така и од богатствата кои ги поседува. По пат на пренесување и наследување од колено на колено, овие богатства, природно се здобиваат со цена и значење многу поголеми од чисто економските.

Во центарот на оваа практика на примопредавање и размена речиси секогаш се јавува принципот на реципроцитет кој е инхерентен на сите размени и, всушност, фигурира како нивен основен логички принцип. Овој реципроцитет може да се јави во најразновидни форми, во зависност од положбата на заинтересираните страни и условите во кои размената или дарувањето се одвивале. Е. Ш. – Т. смета дека е потребно, со цел да се предочи оваа комплексност, да се издвојат две категории на размена: хоризонтална и вертикална.

Токму хоризонталната размена е предмет на *вториот дел од оваа студија*. Во него, низ неколку поглавја, таканаречената хоризонтална размена е претставена како размена во која е карактеристична циркулацијата на податоци и чија основна функција е да зачне или да обнови сојузништво меѓу заинтересирани страни кои, во принцип, го имаат истиот социјален статус. Се разбира, ваква глобална карактеризација сама по себе наложува поделба на помали целини. Во тој контекст, авторот најпрвин се осврнува на трговските трансакции. Значителен дел од третото поглавје зафаќа обработката на местото и улогата на трговијата, не само во времето кое им соодветствува на Хомеровите епови, и не само со податоци црпени од нив. Авторот, всушност, се труди низ податоци пред сè археолошки, но и историски и социолошки, да даде концизна, но јасна слика на трговските врски не само меѓу Хелените, туку и на Хелените и другите народи кои доаѓале во врска со тогашниот Егејски свет.

Основните прашања кои се накусо прецизирани, се состојат во тоа како, всушност, на комерцијалните размени гледале Хомеровите јунаци и за какви биле сметани самите трговци; потоа, дали објектите кои

можеле да влезат во обата вида примопредавања секогаш ја задржувале истата цена.

Во продолжение е даден преглед на терминологијата на купопродажбата која фигурира кај Хомер. Тука се опфатени ῥήτηρ, πρήκτηρ, πέρνημι, πρίασθαι, ὦνος, и, доследно на методолошкиот пристап на Е. Ш. – Т., придружени се со прегледни табели и извадоци од оригиналните текстови.

Хомерскиот брак е, несомнено, еден од аспектите на Хомеровото општество кој бил предмет на многубројни студии и кој предизвикал најмногу контроверзни гледишта. Токму оваа институција е предмет на обработка во четвртото поглавје.

Двојноста на третманот на хомерскиот брак во стручната литература доведува до развој на две гледишта:

1. Хомерскиот брак до таа мерка се вулгаризира што првобитниот обред се сведува на обична трговија со невестата, со церемонијална размена на дарови – практично, „купување“ на невестата;

2. Хомерскиот брак (гледиште кое го застапува и авторот) има улога на комплексен модус на остварување сојузништва, кои се резултат на одредена стратегија на дарување и примање дарови, елаборирана до совршенство. Во овој случај, хомерскиот брак се карактеризира со опсежната и згуснатa циркулација на жени, но и на богатства.

Особено темелно е обработена функцијата на ἕδνα – хомерскиот знак на сојузништво помеѓу две единки, па преку нив и две семејства. Во хомерските текстови, ἕδνα ги означува даровите кои младоженецот задолжително ги дава на дедото. Овие дарови се основен услов за остварување легитимен брак, всушност тие му дозволуваат на младоженецот да ја одведе невестата во својот οἶκος. Но, познати се и случаи кога се појавува „кочење“ на матримонијалната практика (во случај на раскин на сојузништвото или несклучување на бракот), и тогаш ἕδνα се враќаат или за нив се компензира.

Но, такви наоди немаме и за δῶρα, наменети за самата невеста. Тука Тисиние се обидува да одговори на прашањата:

1. Дали во поглед на δῶρα се работи за „повратни дарови“, т.е., бидејќи се врзани за невестата, дали повторно се враќаат во οἶκος – от на младоженецот;

2. Што се случува со овие δῶρα доколку дојде до своевиден „развод“ на бракот.

Во продолжение, во две табели, се набројани склучените бракови кај Хомер, како и најавените, до чие склучување не дошло.

Доста карактеристичните, за хеленскиот свет, размени на гостопримство го наоѓаат своето место и во оваа студија. Низ една лингвистичка обработка на основните поими врзани за оваа појава – ξεινίζειν, φιλεῖν, ξενίη τράπεζα – постепено се доаѓа и до различување на нивното значење, статус и функција. Освен прегледните табели, во кои стих по стих се наведени најзначајните примери за употреба на изразите ξεινίζειν, φιλεῖν, φίλος, ξεῖνος кај Хомер, посебен акцент е ставен врз разработката на ξενίη τράπεζα.

Пристапот кон странецот подразбира извесен број добро утврдени постапки (особено добро обработени кај Финли и Леви) посведочени во секвенците на гостопримство во *Илијада* и *Одисеја*. Првото нешто кое

му се нуди на странецот е храна – тоа се повторува за сето време на престојот, до таа мера што веќе самата покана да се подели оброкот станува симбол за гостопримство. Подоцна веќе доаѓа до размена на пригодни дарови и оружје.

Сето ова наведува на заклучок дека целта на размената на дарови и гостопримство е да се зачува сеќавањето на склучениот сојуз помеѓу две единки поврзани меѓу себе со врските на (φιλο)ξενία, кои меѓусебно станале φίλοι ξένιοι.

Втората целина од книгата завршува со анализа на репарацијата, компензацијата и одмаздата како појави во Хомеровото општество. Даден е и попатен пресек на суштината на воените акции во овој период. Самата структура и начинот на кој се предадени воените соочувања кај Хомер наведуваат на заклучок дека тука не може да стане збор за единствена, плански водена, целосна операција, туку за збир од повеќе помали или поголеми битки. Лексиката, пак, како што нагласува Тисиние, во поглед на овие судири, ни ги предочува битките како ред од индивидуални одмазди кон кои цели секој воин за да зададе ποινή во име на својот паднат другар-соборец. И тука е застапена постапна анализа на карактеристичната лексика која кај Хомер се јавува во врска со оваа тема. Во анализата се опфатени ἀποδίδωμι, τίνω, ἀποτίνω, τίνυμαι, и, се разбира, ποινή и τίσις.

Убиството може да биде компензирано на два начина, било по пат на одмазда, т.е. преку ново убиство кое му одговара на првото, било преку материјална компензација која ќе биде прифатена од оштетената страна. Со цел да се определат условите и ситуацијата во која се одбира едниот или другиот пат, авторот, стоејќи зад гледиштето кое го застапува и Кантарела, го изведува заклучокот:

– Сè додека напаѓачот и нападнатиот, или убиецот и жртвата, припаѓаат на различни заедници, во најголем број случаи доаѓа до крвна одмазда која е очекувана, понекогаш дури и пожелна;

– Но, во случајот кога напаѓачот цели кон одмазда со која се ризикува да се нарушат односите помеѓу семејства кои припаѓаат на една иста заедница, па и да се загрози мирот кој мора да владее меѓу многубројните οἶκοι, тогаш заедницата интервенира и виновникот мора да плати ποινή во вид на компензација – почестување со пригодни дарови.

*Последнаша целина на сшудијаша* во две поглавја ги обработува таканаречените вертикални размени. Според Е. Ш. – Т., тие се означени не само со циркулација на подароци, туку и на разновидни услуги кои поврзуваат групи или единки со нееднаков социјален статус. Целта на ова поглавје, имено, е да се оди чекор понапред во анализата на овие врски. Досега, само на дарот во вакви услови му се давала функција на фактор на единство (или послушност) и гарант за персоналните врски помеѓу групи или единки од различен ранг. Е. Ш. – Т. се чини со право претендира на едно пошироко гледиште. Како карактеристичен пример треба да се наведе хомерскиот однос βασιλῆες > заедница. Тука не се работи само за дарување, туку и за бенефиции, обврски, долгови, како и право на учество на манифестации од различен карактер.

Откако ќе го разгледа статусот на воините во Хомеровиот свет, нивните долгови, обврски и задолженија кон кралот, но и правата кои им следуваат, авторот тематски го пренасочува објектот на своето истражување кон фигурата на самиот крал. Осмото поглавје на ова дело

целосно ѝ е посветено на анализата на статусот и моќта на кралевите, онакви каква што слика за нив ни е предадена во *Илијада* и *Одисеја*. Појдовно гледиште на авторот е дека секоја заедница му го доверува на најбогатиот поглавар (или поглаварот со најголем престиж) кралскиот статус. Обработувајќи ги, во продолжение, поважните кралски функции, права и должности (γέρας, односите со сојузниците, однесувањето кон слугите и робовите, давањето μισθός), посебен акцент авторот става врз кралската дарежливост, и, во врска со неа, одржувањето кралски гозби.

За да го задржи својот ранг и за да го оправда предводништвото кое му се признава, кралот во основа располага со два адута: воената моќ и богатството. Употребата на ова богатство, кај Хомер честопати со неверојатни размери, тесно е врзана со задолжението кралот да биде дарежлив. Богатствата кои штедро ги дистрибуира кон пониските слоеви, на кралот за возврат му овозможуваат да создаде комплексен систем од реципрочни обврски, еден своевиден однос со клиентелата кој му дава и воена и политичка моќ. Во тоа време, значи, богатството било во нераскинлива врска со моќта: придонесувало за неа, но и било условено од неа.

Организирањето, пак, на кралските гозби било условено од извесен број добро утврдени постапки. Ваквите гозби се, најпрвин, во основа аристократска институција и секогаш се организирани според истата схема. Нивен организатор обично е ὁ βασιλεύτατος, најбогатиот и најмоќниот од басилеите. Тие биле жариште за интензивни социјални и политички односи. Конечно, мошне е блиска врската помеѓу гозбата и жртвувањето – немало кралска гозба на која да не ѝ претходи жртвување, практично понуда на боговите на нивниот дел од гозбата. Ова жртвување, кое им овозможува на боговите да го земат својот дел од т.н. „размена на месата“ (δαῖτα κρεῶν) дури прераснува во основна поента на гозбата. Но, она кое всушност влегува во тематиката на оваа студија е обичајот на ὁ βασιλεύτατος не само да ја организира гозбата, туку и да ги дарува присутните. Во продолжение, Е. Ш. – Т. разликува повеќе видови гозби кај Хомер – гратификациска, фунерарна – и опсежно ги анализира како условите, така и протоколот во кои тие биле одржувани.

Кон истата тематика е придодаден и кусиот appendix поместен на крајот од оваа студија. Во него, авторот донекаде се оддалечува од првобитната поставеност на доменот на ова дело. Реалиите наведени во овој дел не се однесуваат веќе на Хомеровиот свет, туку авторот прави квантитативен скок од неколку века и нè доведува на дворот на тракиските династи кон крајот на класичниот период. Сепак информациите црпени од делата на хеленските историографи Тукидид и Ксенофонт покажуваат дека овој додаток ни случајно не е депласиран, туку дека е свесно поставен на крајот од делото, со цел да се укаже дека обичаите обработени и претставени како составен дел на Хомеровото општество не само што не се изгубиле, туку продолжиле да егзистираат во архајскиот, класичниот па и, макар и во редуцирана форма, во хеленистичкиот свет. Инаку, тука се обработени обичаите на примопредавање кои владееле на дворот на тракиските династи, со посебен акцент врз организирањето на кралските гозби на тракискиот двор. Поопсежна анализа е дадена во врска со принципот λαμβάνειν μάλλον ἤ διδόναι („попрво да прима одошто да дава“): „... а правило беше, кога Сеут поканување на гозба, повиканите да му носат дарови...“ (Xen., *Anab.*, VII, 3, 16). Овој додаток,

всушност, претставува збир на реалии кои ни доловуваат една тема која, можеби, е недоволно истражена во современите научни кругови.

Тргнувајќи од досега публикуваните трудови на М. Мос, Е. Бенвенист, Л. Жерне и М. Финли, а кои се однесуваат, во пошироки црти, на истата тематика, Евелин Шајд – Тисиние се навраќа на проблемот на дарувањата во Хомеровите епови давајќи му нова свежина на пристапот кон оваа тема. Првобитно, сигурно, замислена како студија со потесен домен на истражување, „Употребите на дарот кај Хомер“ прераснува во вистинска социолошка и правно-економска студија на светот прикажан во Хомеровите епови. Третирајќи ги поставените теми пред сè од социолошки аспект, не заборавајќи притоа на лингвистичкиот и историскиот третман, Е. Ш. – Т. во научните кругови се претставува со една методолошки одлично подредена студија, опсежна не толку според бројот на страниците, колку според широчината на темите кои во неа се опфатени. Овој труд на авторот претставува и мошне корисна подлога за широка анализа на општествениот поредок во еден период за кој, реално гледано, немаме доволен број проверливи историски податоци. Задржувајќи го правото на воздржаност во тој поглед, Тисиние сепак успева пред читателот да настапи со темелна обработка на процесите на примопредавање, дарување и трговска размена кои континуирано егзистираат во голем дел сè до хеленистичкиот период.